**Известување за концентрација со која Србија Бродбенд - Српска Кабловска Мрежа д.о.о. Белград, Република Србија ќе стекне единствена контрола над Пантиќ Електроник Кабле Телевисион ДОО Ритопек, Република Србија**
**(предмет бр. 08-109 од 25.12.2019 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) на ден 25.12.2019 година, а дополнето на ден 26.12.2019 година и 30.12.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е известување за концентрација кое се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на Србија Бродбенд - Српска Кабловска Мрежа д.о.о. Белград, со седиште на адреса „Булевар Пека Дапчевиќа" 19, 11000 Београд-Вождовац, Република Србија над друштвото Пантиќ Електроник Кабле Телевисион ДОО Ритопек со седиште на адреса „Палих Бораца", 1, Белград – Ритопек, Република Србија, преку купопродажба на удели.

-Србија Бродбенд - Српска Кабловска Мрежа д.о.о. Белград, Република Србија е регистриран телекомуникациски оператор во Србија кој претежно функционира како оператор на дигитална и аналогна кабловска телевизија и широкопојасен интернет.

Србија Бродбенд - Српска Кабловска Мрежа д.о.о. Белград, Република Србија е дел од ЈУНАЈТЕД ГРУП групацијата на друштва која пружа телекомуникациски и медиски услуги во неколку држави во регионот, а која за возврат е во сопственост на фондовите кои ги советува БЦ Партнерс ЛЛП, меѓународен инвестиционен фонд со седиште во Лондон.

БЦ Партнерс се присутни во Република Северна Македонија преку (индиректни) зависни друштва:

- Тотал ТВ д.о.о. Скопје со регистрирано седиште на адреса бул. ВМРО 3 Центар Скопје, кое е активно во дистрибуција на медиска содржина;
- Дирецт Медија д.о.о.е.л со регистрирано седиште на адреса Орце Николов 68/3 Центар, Скопје, која се занимава со маркетиншки дејности.

-Пантиќ Електроник Кабле Телевисион ДОО Ритопек, е телекомуникациски оператор кој се занимава со давање на услуги на дистрибуција на медиумска содржина и широкопојасен пристап на интернет и исклучиво во Република Србија и тоа на подрачјата на општина Палилула, Гроцка, Сопот и Смедерево.

Пантиќ Електроник Кабле Телевисион ДОО Ритопек нема поврзани друштва или активности во Република Северна Македонија.

Релевантниот пазар на стоки за пријавената концентрација би можел да се дефинира како:

- малопродажен пазар на давање на услуги на дистрибуција на медиумска содржина,
- малопродажен пазар на давање на услуги на широкопојасен пристап на интернет,

сите како национални по обем, односно на територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

02.01.2020 година
Скопје